**Известување за концентрација со која Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ, Германија и г. Удо Хојзер, Германија ќе стекнат заедничка контрола над ТМЦ Нордик А/С, Данска**

**(предмет бр. 08-158 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и 208/24), на ден 05.12.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ со регистрирано седиште на адреса Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија и Г. Удо Хојзер со адреса на Хоенлохеплац 6, 65193 Визбаден, Германија над ТМЦ Нордик А/С со регистрирано седиште на Трансформервеј 8, 2860 Соборг, Данска.

Нобилис, друштво под заедничка контрола на ГХ Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ и (индиректно) на г. Хојзер, активно во продажба на парфеми и козметика на големо во DACH регионот (Германија, Австрија и Швајцарија), има намера да стекне 100% од акциите и контрола во Целното друштво, кое што е активно во продажба на парфеми и козметика на големо во скандинавските земји (Данска, Финска, Норвешка и Шведска), од Продавачот во два чекора;

- Чекор 1: Стекнување на 65% од акциите во февруари 2025 година (откако ќе ги стекнат сите одобренија за концентрацијата) („**Чекор 1**“);
- Чекор 2: Стекнување на останатите 35% од акциите во 2028 година врз основа на опции за купување и продажба (call-/ put-options) („**Чекор 2**“).

Помеѓу тие два чекора (спроведувањето на Чекор 1 и Чекор 2), Нобилис и Продавачот ќе се третираат слично како акционери со по 50%/50% акции, односно ќе вршат заедничка контрола врз Целното Друштво.

**-Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ** е фамилијарен бизнис со седиште во Хамбург кој преку ГХ Групацијата управува и снабдува бесцарински продавници/продавници за вредни патнички понуди на ГХ Групацијата при патување на аеродроми, поморски пристаништа и гранични премини ширум светот. ГХ Групацијата управува со 350 малопродажни места при патување на 73 меѓународни аеродроми врз основа на договори за концесија или закуп со аеродромски оператори. ГХ продава малопродажни производи при патување на патници, особено во категориите парфеми, козметика, алкохол, тутунски производи, сувомесни и кондиторски стоки.

Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ има регистрирано присуство во Северна Македонија и тоа друштвото-**ТРАВЕЛ ФРИ МА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седипте на Ил.„Македонија” бр. 5/2 -22 Скопје-Центар, и регистрирана приоритетна дејност-трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун. ТРАВЕЛ ФРИ МА ДООЕЛ Скопје има остварено приходи преку малопродажба и продажба на големо на малопродажни стоки при патување.

**-Г. Хојзер** е единствен содружник на фукс4футуре, холдинг друштво кое е содружник со споделена контрола на Нобилис. Дополнително, тој е главен извршен директор на Нобилис. Г. Хојзер нема удели во друштва кои имаат регистрирано присуство во Северна Македонија и друштва кои се под контрола на г. Хојзер [немаат остварено приходи во Северна Македонија во 2023 година].

**-Сајдвалк Ран** е холдинг друштво кое што е во сопственост на Хајди Бехренс (Heidi Behrens) (главен извршен директор на Целното друштво, Фиона Бехренс (Fiona Behrens) и Фредерик Бехренс (Frederik Behrens) (секој по 33,3%).

Сајдвалк Ран нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

**-ТМЦ Нордик А/С** дејствува како партнер за дистрибуција на брендови за убавина во скандинавските земји (Данска, Финска, Норвешка и Шведска) кое што им асистира на своите партнери со низа на услуги кои опфаќаат синџир на снабдување, маркетинг, продажба и известување.

ТМЦ Нордик А/С управува со 63 вработени од главното седиште во Копенхаген, Данска, како и од неговите локални канцеларии за продажба во Шведска и Норвешка кои што се управувани од неговите зависни друштва:

- ТМЦ Нордик АБ (TMC Nordic AB), со седиште на Хаммарбибакен 27, 120 30 Стокхолм, Шведска; и
- ТМЦ Нордик АС (TMC Nordic AS), со седиште на Дроннинг, Еуфемиас порта 16, 0191 Осло, Норвешка.

Како трговец на големо на парфеми и козметика, ТМЦ Нордик А/С остварува само продажби кон трговци на мало (вклучувајќи продажба на парфимерии, стоковни куќи, аптеки и на канали за електронска трговија).

ТМЦ Нордик А/С нема регистрирано присуство во Северна Македонија, и нема остварено приходи во Северна Македонија во 2023 година.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрацијата би можел да се дефинира како:

- (i.) продажба (вклучувајќи продажба на големо) на парфеми и козметика на (редовниотсектор за малопродажба на кој Целното друштво (во скандинавските земји) и Нобилис (во DACH регионот) се активни, <u>но не во Северна Македонија;</u>
- (ii.) набавка на парфеми и козметика на (редовниот) сектор за малопродажба на кој Целното друштво (во скандинавските земји) и Нобилис (во DACH регионот) се активни, <u>но не во Северна Македонија</u>; и
- (iii.) услуги за продажба на мало при патување (продажба на мало при патување) на локации за патување, на кој што ГХ е активно inter alia, во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

16.12.2024 година

Скопје